Здружение за унапредување на земјоделските задруги
МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЗАДРУГИ
Бр. 0201 - 002
19. 07 2019 год.
Скопје

МАЗЗ

Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги

Врз основа на член 26 од Статутот на МАЗЗ, Собранието на МАЗЗ на својата седница одржана на ден 06.07.2019 година донесе

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА МАЗЗ

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Деловник се уредуваат прашањата во врска со организацијата и начинот на работа на седницата на Собранието на МАЗЗ

Член 2

Собранието како највисок орган на МАЗЗ ги врши своите работи и задачи во склад со одредбите на Статутот на МАЗЗ, општите акти донесени врз основа на Статутот и овој Деловник за работа.

Член 3

Собранието го сочинуваат сите членови на МАЗЗ кои претставуваат избрани и овластени претставници на земјоделските задруги кои имаат пристапница кон МАЗЗ регистрирани за календарската година за која се одржува седницата на Собранието. Секоја Задруга ја претставува само еден овластен претставник.

Член 4

Членовите на Собранието имаат права и обврски:

- Да присуствуваат на седницата на Собранието
- Да предлагаат разгледување на прашања од делокруг на Собранието
- Да одлучуваат и да остваруваат други права согласно Статутот и овој Деловник
- Членовите на Собранието се должни едни кон други да се обраќаат со почит и уважување.

Член 5

Мандатот на членовите на Собранието трае 4 години и престанува: со отповикување од стрна на ЗЗ, оставка, и престанок по основот по кој е избран,

Мандатот на новиот член на Собранието на предлог на верификационата комисија се верификува на првата седница на Собранието и трае до крајот на мандадтот на Собранието.

Член 6

Седниците на Собранието се јавни

Свикувачот на Седницата одлучува кому освен на членовите ќе му упати покана за присуство без право на одлучување.

Поканите и материјали за седница се доставуваат до членовите на Собранието по пошта или електронска пошта за која членот на Собрание дал информација и согласност и тоа најдоцна 7 дена пред денот на одржувањето на Седницата.

## ПОВИКУВАЊЕ, ОТВАРАЊЕ И РАБОТНИ ТЕЛА НА СЕДНИЦАТА

Член 7

Повикувањето на седницата на Собрание без оглед дали е Редовно годишно, вонредно или Изборно собрание го врши претседателот на МАЗЗ или Управниот одбор, самоиницијативно или на барање на 1/3 членови на Собрание.



МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ (МАЗЗ)
Ул. „Јордан Мијалков" бр.38, 1000 Скопје, Македонија 02/3141-830
е. пошта: mazz@mazz.mk веб: www.mazz.mk

Присуството на седницата е 15 мин пред почетокот. Ресистрацијата на присутните се врши со листа на присутни која задолжително содржи име и презиме, ЗЗ и своерачен потпис.

Член 8

Седницата ја отвара претседателот на МАЗЗ, член на УО или најстариот член на Собранието.
По отварањето на седницата
- се бира Верификациона комисија
-се усвојува извештајот на Верификационата комисија
-се усвојува дневниот ред
-се бираат работни тела
 - Работно претседателство од 3 члена
 - Два оверувачи на записникот
 - Записничар

Член 9

Работното претседателство со кој раководи претседавач се грижи за работа на седницата согласно Статутот, Деловникот и го одржува редот на седницата
Во случај на повреда на редот на седницата, претседавачот има право да изрече опомена или да го одземе зборот на секој од присутните
Повреда на редот се смета кога некој од присустните со своето владеење или говор ги нарушува одредбите од Деловникот и ја нарушува работата
Ако со опомените не успее да се одржи ред, претседавачот има право да ја прекине седницата и да бара да биде отстранет присутниот кој го нарушува редот.

III ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТИТЕ

Член 10

Верификационата комија констатира дали секој од претставниците има уредно полномошно од ЗЗ од понов датум која ја претставува и врз основа на тоа поднесува предлог до Собранието за верификација на мандатот
Верификационата комисија поднесува извештај до Собранието во кој задолжително констатира дали согласно Статутот и Деловникот со оглед на присутните членовите се исполнети условите за полноважно работење и одлучување.

IV РАСПРАВА И ТЕК НА СЕДНИЦАТА

Член 11

Дневниот ред се усвојува на почетокот на седницата
По усвојувањето се преоѓа на разгледување на точките од дневниот ред по редослед кој е усвоен.
Во текот на расправата може да дојде до измена на редоследот на точките од дневниот ред или одложување на точката, но само ако е изгласана таква одлука. На предлог од еден член потврден уште од 1/3 присутни членови на Собранието предлогот се става на гласање.

Член 12

Во врска со секоја од точките на дневниот ред, пред да се отвори дискусија, се дава збор на подносителот на предлог или известувач за таа точка од дневниот ред.

Член 13

Пријава За дискусија се врши со подигање на рака или со писмена пријава до работното претседателство, а претседавачот дава збор по редослед на пријави.
Никој не може да добие повторно збор по дискусијата ако тоа не го одобри претседавачот кој оценува дали е тоа неопходно.
За поединечна точка од дневниот ред се дискутира се додека има пријавени дискутанти.

Член 14

Заради успешна и ефикасна работа на седницата секој дискутант мора да зборува кратко, само во врска со точката од дневниот ред, не повторувајќи се.

Член 15

Излагањето на делегатите трае максимално 5 минути, а гостите 2 мин. Право на реплика доколку некој е спомнат од претходен дискутант трае 1 мин.
За процедурални забелешки се дава приоритет.

Член 16

Претседавачот може и дополнително да го ограничи времетраењето на дискусиите ако така изгласа Собранието по конкретен предлог.
Претседавачот ја заклучува точката на дневниот ред кога ќе се исцрпат дискусиите.

V ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ

Член 17

По завршувањето на расправата претседавачот утврдува еден или повеќе предлози на заклучоци или одлуки за кои ќе се одлучува.

Член 18

Собранието може полноважно да одлуува ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието. Одлуките се носат со мнозинство од присутните.

Член 19

Гласањето се врши јавно со дигање на рака, јавно со прозивање и во двата случаи со изјаснувсње за, против или воздржан.

Член 20

Врз основа на поднесен предлог подржан од најмалку 1/3 од присутните може да се изврши тајно гласање со гласачки ливчиња.

Член 21

Со тајното гласање раководи Изборна комисија, а гласањето се спроведува согласно Правилникот за избори и овој Деловник.

Член 22

Секој заинтерисиран член на Собранието може да направи увид на гласачкиот материјал по извршеното гласање и извештај и тоа додека материјалот сеуште се наоѓа во просторијата каде се гласало.

Член 23

За времетраењето на гласањето-јавно или тајно никој не може да добие право на збор се додека не се соопштат резултатите од гласањето.

Член 24

Секој од членовите може да побара утврдување на кворум пред да се пристапи кон гласање.


МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ (МАЗЗ)
Ул. „Јордан Мијалков“ бр.38, 1000 Скопје, Македонија 02/3141-830
е. пошта: mazz@mazz.mk веб: www.mazz.mk

VI ЗАПИСНИК

Член 25

За седницата се води записник на основа на видео, тонски или стенографски белешки и истиот содржи: ден, место и време на одржување на седницата, имиња и презимиња на присутни и отсустни, работни тела на седницата, дневниот ред, најбитните изводи од дискусите и излагањата, донесените заклучоци и одлуки. Интегралните текстови на одлуките се дел од записникот.

Член 26

Записникот го потпишува записничарот и претседавачот на седницата, а го оверуваат двајцата оверувачи. Нацрт од Записникот во рок од 3 дена од завршувањето на седницата се доставува до сите членови кои имаат рок од 5 дена да достават забелешки. По истекот на тој рок се изработува конечен записник кој се усвојува на првата наредна седница на Собранието.

VII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 27

Ако одредени прашања не се уредени со овој Деловник ќе се применуваат одредбите од Статутот или другите општи акти донесени во склад со Статутот.
Измените на овој Деловник се вршат од Собранието на МАЗЗ

Член 28

Овој ДЕЛОВНИК стапува во сила на денот на неговото усвојување од Страна на Собранието на МАЗЗ.

СОБРАНИЕ НА МАЗЗ
Претседавач,



МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ (МАЗЗ)
Ул. „Јордан Мијалков“ бр.38, 1000 Скопје, Македонија 02/3141-830
е. пошта: mazz@mazz.mk веб: www.mazz.mk